Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 91 став 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006...96/2019), член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр.66/2013), и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.13/1998 и 21/2009), на седницата одржана на 29.06.2020 година, го усвои следното:

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Не може да се бара враќање на износот на име надомест на штета поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт, кога исплатата е извршена врз основа на правосилна пресуда бидејќи исплатата е извршена на совесен прибавувач, при што не е од влијание тоа што во ревизиската постапка оштетениот е одбиен во тој дел на тужбеното барање.

## О б р а з л о ж е н и е

Врховниот суд на Република Македонија одлучувајќи во постапка по ревизија констатираше неуедначена судска практика при примената на член 205 од Законот за облигационите односи и правното прашање „кога може да се задржи примeното“ во постапките за стекнување без основ, односно во случаи кога на оштетени лица врз основа на правосилни судски пресуди им бил исплатен надомест на штета поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт, а кои пресуди во постапки по ревизија биле преиначени и досуден бил помал износ на надомест на штета или тужбеното барање било одбиено како неосновано при што основот врз основа на кој била извршена исплатата отпаднал.

Правното прашање кое е решително за правилната примена на членот 205 од Законот за облигационите односи е утврдување на „совесноста на прибавувачот на средствата“.

Според општото правило пропишано во член 199 став 1 од Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ“ бр.18/2001...161/2009), кога дел од имотот на едно лице премине на било кој начин во имотот на некое друго лице, а тоа преминување нема своја основа во некоја правна работа или во законот, стекнувачот е должен да го врати тој дел од имотот, ако е тоа можно, а инаку е должен да ја надомести вредноста на постигнатата корист. Според ставот 3, обрската за враќање, односно за надомест на вредноста настанува и кога нешто ќе се прими со оглед на основот што не се остварил или кој подоцна отпаднал.

Според член 205 од истиот закон чиј наслов гласи „кога може да се задржи примeното“, не може да се бара враќање на неосновано платени износи на име надомест на штета поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт, доколку исплатата му е извршена на совесен прибавувач.

Според член 314 став 1 од Законот за парничната постапка („Службен весник на РМ“ бр.79/2005...124/2015), кога на странката во пресудата и се наложува некакво чинење ќе се определи рокот во кој ова чинење е должна да го изврши.

Според член 374 од истиот закон, поднесената ревизија не го задржува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена.

Од содржината на членот 205 од Законот за облигационите односи произлегува дека, ја дерогира обрската за враќање пропишана во членот 199 од истиот закон во случај основот да не се остварил или истиот подоцна да отпаднал, а услов за тоа е исплатата на надоместот на неосновано исплатените износи на име надомест на штета поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт да била извршена на совесен прибавувач.

Дали прибавувачот на неосновано платените износи бил совесен во моментот на нивното прибавување кога исплатата е извршена врз основа на правосилна пресуда.

Од содржината на одредбата од член 314 став 1 од Законот за парничната постапка произлегува обврската за странката на која и се наложува некакво чинење во пресудата, истото да го изврши во определениот рок во пресудата, а доколку тоа не го стори странката во чија корист е донесена пресудата, може тоа да го бара по присилен пат.

Ако се има предвид содржината на член 374 од Законот за парничната постапка дека поднесената ревизија не го задржува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена, произлегува дека право е на тужителот да бара извршување на своето правосилно досудено парично побарување доколку тужениот во доброволно оставениот парицонен рок тоа сам не го стори, така што приемот на ревизијата и потоа наплатата на правосилно досуденото парично побарување преку извршител од негова страна, не укажува на негова несовесност затоа што тој наплатата на досуденото парично побарување ја извршил врз основа на правосилна и извршна судска пресуда. Оттука, во ваков случај тужениот во постапка за стекнување без основ се смета за совесен прибавувач, а токму тоа е причината која го исклучува правото на тужителот да бара враќање на неосновано платените износи на надомест на штета поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт.

**Врховен суд на**
**Република Северна Македонија**
**Оддел за граѓански дела**